**Kabinet Gradonacalnik**

| | |
|---|---|
| **From:** | Marko Mitevski <mmitevski@ccc.org.mk> |
| **Sent:** | петок, 22 септември 2023 16:21 |
| **To:** | nikola.susevski@resen.gov.mk; kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk; |
| **Cc:** | sknikolova@ccc.org.mk |
| **Subject:** | Барање за пристап до информации од јавен карактер |
| **Attachments:** | Барање Општина Ресен.pdf |

Почитувани,

Во прилог ви доставуваме барање за пристап до информации од јавен карактер.
Со доставување на барањето на е-маил адресите кои ви се објавени на официјалната веб страница на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, сметаме дека барањето ви е уредно доставено.


Со почит,
Марко Митевски
Центар за граѓански комуникации
Бул. Кочо Рацин 26-1/2
1000 Скопје
t. (+389 2) 3213-513
m. (+389 71) 340404
e. mmitevski@ccc.org.mk
w. www.ccc.org.mk


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН

| Примено: | 25.09.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | | | Вредност |
| УП-I-10 | 20 | | |


--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

бр. 0304-831/1
22.09 2023 год.
СКОПЈЕ

<u>До: Општина Ресен</u>
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

## за пристап до информации од јавен карактер

Од: Центар за граѓански комуникации, Скопје, ул. Булевар Кочо Рацин бр. 26/1-2 Скопје, тел.02 3 213 513, e-mail center@ccc.org.mk.

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Герман Филков, ул. Булевар Кочо Рацин бр. 26/1-2 Скопје, тел. 02 3 213 513, e-mail center@ccc.org.mk.

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер.

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации:**

1. Колку лица во институцијата вршат работи од областа на јавните набавки?
2. Колку од лицата коишто ги вршат јавните набавки имаат важечка потврда за положен испит за јавни набавки?
3. Дали членовите на Комисијата за јавни набавки се менуваат за секоја набавка или се истите за сите набавки?
4. Ве молиме, доставете ни ја одлуката за јавна набавка за постапката број: 16738/2022
5. Дали имате внатрешни правила врз чија основа ја пресметувате проценетата вредност на набавките (ако имате, ве молиме, доставете ни копија од документот)?
6. Дали имате дефинирани внатрешни правила за изработка на техничките спецификации за јавните набавки (ако имате, ве молиме, доставете ни копија од тие правила)?
7. Дали имате систем за следење на реализација на планот за јавни набавки (ако имате, ве молиме, објаснете каков е тој систем)?
8. Дали имате систем за следење на реализацијата на склучените договори за јавни набавки ако имате, ве молиме, објаснете каков е тој систем)?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ________________________________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информации од јавен карактер)

Во Скопје
Датум: 22.09.2023 година

Потпис: ________________
Герман Филков